# ДИМИТРИЈ МИХАЈЛОВСКИ - ИЛУСТРАТОР




Димитриј Михајловски е млад и талентиран македонски сликар, илустратор и стрип автор од Велес. Своето средно образование го стекнува во уметничкото училиште за применета уметност во Скопје, по што се запишува на факултетот за ликовна уметност, исто така во Скопје.

Креативно будење како автор или како што самиот тој вели „финансиска потреба за одржување на моето школување", го втурнуваат во неколку комерцијални проекти кои што бараат илустрација, стрип или дизајн. На почетокот Михајловски објавува без хонорарен надомест, но пак за сметка на тоа го развива визуелниот ракопис и краде знаења од каде што ќе стаса.

Освен со сликарство и илустрации паралелно се занимава и со стрип. Од 2001 па до денес, со свои дела и соработки, е објавуван во неколку списанија и антологии, како што се: АРТ Република, Cool Strip Art Anthology, Другарче, Extreme, Креатор, Стрип Трип, Велес, Стрип Арт...

„Тоа беше и период кога добив неколку симболични признанија од Стрип центарот на Македонија (2006, 2009, 2010) и Балканската смотра на млади цртачи - Србија (2005, 2007) за развој и популаризација на стрипот. Заедно со неколкуте стрип-изложби, моите уметнички презентации во галерии броеја нешто над 25 поставки во и вон Македонија", споделува Михајловски.

Во личностите за кои што вели дека му помогнале да се изгради како комплетен автор ги вбројува: Златко Крстески (Прилеп), Александар Сотировски (Битола) и Ване Трајков (Велес).

Меѓу најзначајните проекти во кои што има земено учество е филмот „Јас сум од Титов Велес" на Теона Стугар Митевска на кој што има работено на сценографијата како дел од Art Department тимот. Во 2008 пак има остварено соработка со славниот македонски режисер Милчо Манчевски за промотивниот спот за нашата земја „Macedonia Timeless".

Во истиот период се јавува и како илустратор на неколку учебници и работни тетратки за издавачката куќа „Табернакул".

Во моментов Михајловски работи на неколку стрип проекти. „Планирам заедно со Данчо Јордановски да се вратиме пожестоко на Toxic Comics групата што ја осмисливме (основавме и водиме од) уште кога имавме по 14 години и да ги материјализираме неколкуте идеи што подолго време ни лежат во фиока." вели Димитриј.

Од годинава тој го презема кормилото и ќе раководи со Друштвото на ликовни уметници на Велес, а за понатаму вели дека никогаш не се знае. „Сè што пробувам да остварам во иднина е помалку да спијам зошто постојано се плашам дека ќе немам време во животов за да исцртам сè што сум смислил или други смислиле за мене. Во план се и неколку ликовни изложби. Но за ова времето ќе покаже." заклучува Михајловски.

Александар Стеванов



# Element



Cool



# Macedonian Warrior



# Hipster girl

